ADING состојка на секоја градба

# АДИНГПОКС 1

*Нисковискозна двокомпонентна епоксидна смола без растворувачи за изведба на транспарентна завршна обработка или за изработка на малтер*
*Одговара на EN 1504-2:2004/ 2.2 (C); 5.1 (C); 6.1 (C); 8.2 (C) и*
*EN 13813:2002/SR B2.0-IR20*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Се користи за изработка на епоксиден малтер, епоксиден глет или како завршен транспарентен премаз, при изработка на монолитна завршна обработка за механички оптеретени и киселоотпорни подови или како ѕидна обработка, во согласност со барањата на системите за одржување на висок степен на хигиена.

## СВОЈСТВА

- одлична адхезија за разни видови подлоги;
- висока абразивна отпорност;
- добра отпорност на разредени киселини;
- отпорност на раствори од соли и минерални масла;
- не содржи растворувачи;
- нетоксичен во врзана состојба;
- бактериолошки отпорен;
- декоративен;
- монолитен - подна облога без фуги;
- лесен за одржување

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | жолтеникава вискозна смеса |
| Однос на мешање | - | А:Б=2:1 |
| Густина | - | 1,0-1,1g/cm³ |
| Температурна стабилност | - | од -20°C до +70°C |
| Атхезија за подлогата | EN 1542 | ≥ 2MPa |
| Капиларна апсорпција и пропустливост на вода | EN 1062-3 | $w<0,1kg/m^2h^{1/2}$ |
| Пропустливост на водена пареа | EN ISO 7783 | класа III Sd>50m |
| Абразивна отпорност | EN ISO 5470-1 | < 3000mg |
| Отпорност на удар | EN ISO 6272-1 | класа II ≥10Nm |
| Отпоност на силна хемиска агресија (бензин, дизел, моторно масло, 10%$CH_3COOH$, 20%$H_2SO_4$, 20%NaOH, 20%NaCl) | EN 13529 | класа II, намалување на цврстината ≤ 50% |
| Јакост на свиткување на малтер, припремен од Адингпокс 1:Полнило C/X 0,3-0,8mm во однос 1:4 | - | >20MPa |
| Јакост на притисок на малтер, припремен од Адингпокс 1:Полнило C/X 0,3-0,8mm во однос 1:4 | - | >55MPa |
| Отворено време за работа на температура од 20°C | - | до 30min |
| Отворено време за вградување на температура од 20°C | EN ISO 9514 | 50-70min |

ИНДУСТРИСКИ И СПОРТСКИ ПОДОВИ



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

| | | |
|---|---|---|
| Време на врзување на 25°C | - | 5h |
| Време помеѓу прв и втор слој на 25°C | - | 24h |
| Цврстина на 1 ден, на 25°C | - | 65 Shore D |
| Цврстина на 7 дена, на 25°C | - | 81 Shore D |
| Температура на подлогата и воздухот при вградување | - | 10-30˚C |
| Релативна влажност на подлогата | - | < 7% |
| Релативна влажност на воздухот | - | < 70% |
| Механичка употреба за лесен промет на температура од 20˚C | - | по 3 дена |
| Механичка употреба за тежок промет на температура од 20˚C | - | по 7 дена |
| Хемиска употреба (вклучувајќи и контакт со вода), на 20°C | - | по 15 дена |

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

**ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**

Подлогата треба да е здрава, сува, чиста, без масти, прашина, кондензат и задолжително треба да биде хидроизолирана, поради неотпорноста на епоксидните обработки од негативен хидростатски притисок. Влажноста на подлогата треба да биде помала од 7%, а температурата при вградување од 10-30°C. Релативната влажност на воздухот при вградување потребно е да биде помала од 70%, со цел да се избегне кондензација на површината за обработка. Доколку не се почитува ова ограничување треба да се очекуваат естетски промени на премазот, но физичките и хемиските својства материјалот ќе останат непроменети.

Нова бетонска подлога

Бетонот треба да биде стар минимум 28 дена, да е со минимална јакост на притисок од 25 MPa и да не содржи поголема влажност од 7%. Испливаното цементно млеко, остатоци од малтер, флеки од боја и масло, потребно е да се отстранат со механички, односно хемиски средства. Завршно подлогата треба да се обеспраши со индустриска правосмукалка.

Стара бетонска подлога

Здрава и чиста подлога се главни предуслови за постигнување на одлична адхезија. Како и кај новата бетонска подлога, отстранувањето на цементното млеко се врши по механички пат. Пенетрирани масноти и нечистотии во подлогата треба да се отстранат со детергенти или специјални препарати за таа намена. Сите оштетувања на подлогата треба да бидат санирани користејќи соодветни материјали од производната програма на АДИНГ.

Стара епоксидна подлога

Површинско благо орапавување на површината со шмиргла и обеспрашување на подлогата.

**ВГРАДУВАЊЕ**

Подлогата која се обработува, треба да се нанесе предпремаз Адингпокс 1П или Адингпокс 1ПВ (кај подлога од епоксид нема потреба од нанесување предпремаз). Нанесувањето се врши со тврда четка со која материјалот се нанесува на подлогата. Кај високо порозни подлоги може да се нанесе предпремаз во два слоја. Кај подлогите со работни фуги, потребно е тие да се исполнат со епоксиден кит Адингпокс К. Материјалот се подготвува со мешање на компонентите А и Б со бавен електричен мешач (300 до 500 вртежи/min) до потполно воедначување. Количината на материјалот што се меша треба да биде во согласност со отвореното време за работа со материјалот.

Адингпокс 1 како премаз се нанесува на подлогата со воедначена дебелина, со помош на гумена глетарка и веднаш се разнесува со валјак со волнени кратки влакна.

Епоксиден малтер се приготвува со бавно мешање на компонентите А и Б од Адингпокс 1 (до потполно воедначување), а потоа се додава кварцно полнило - Полнило С/Х 0,3-0,8mm. За мешање се користи бавен машински мешач. Односот на смолата и кварцното полнило за нанесување на вертикални површини е 1:6 а за хоризонтални површини до 1:3 до 1:4, и директно зависи од бараната обработливост. Површината, каде е нанесен малтерот завршно се обработува со челична глетарка, рачно или машински (со ротациони глетарки), при што материјалот се натиснува до целосно затворање



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

на површинската структура. По потреба како завршен премаз може да се нанесе Адингпокс 1 за целосно затворање на структурата.
За изведба на епоксиден глет на вертикални површини, Адингпокс 1 се меша со Полнило С/Х 63μ во однос 1:1. За нанесување на хоризонтални површини односот на Адингпокс 1 во комбинација со Полнило С/Х 0,0-0,3mm е 1:2. Материјалот се нанесува и втиснува со метална глетарка.
Температура на подлогата и околината при нанесување: 10°C - 30°C.

## ОДРЖУВАЊЕ

Долговечноста на обработката зависи од правилното одржување. Површините обработени со Адингпокс 1 може да се чисти со машини со ротациони меки четки, со детергенти што се растворени во вода или со топла вода на температура до 30°C.

## ПОТРОШУВАЧКА

Адингпокс 1П: 0.2-0.35 kg/m²
Адингпокс 1 (како премаз): 0,2-0,4 kg/m²

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со Ратворувач П веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Во сетови А+Б: 3kg
А компонента: 2kg
Б компонента: 1kg

Во сетови А+Б: 9kg
А компонента: 6kg
Б компонента: 3kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 10-30°C, заштитен од директно сонце и замрзнување. Рок на употреба: 9 месеци.

## ОЗНАКА ЗА СЕРТИФИЦИРАН ПРОИЗВОД

CE
2032

**АДИНГ АД Скопје** Новоселски пат (улица 1409) бр.11, 1060 Скопје, Северна Македонија
**17**
**2032 - CPR - 11.5D**

**EN 1504-2:2004**
**АДИНГПОКС 1**
Епоксиден систем за површинска заштита на бетон, за контрола на влага и за зголемена физичка и хемиска отпорност на бетонски површини

| | |
|---|---|
| Адхезивна јакост со pull-off тест: | ≥ 2,0MPa |
| Капиларна апсорпција | w < 0,1 kg/(m²min$^{0.5}$) |
| Пропустливост на водена пареа: | Класа III, $S_D$ > 50 m |
| Отпорност на абразија | < 3000mg |
| Отпорност на удар | класа II ≥ 10 Nm без појава на пукнатини и деламинација |
| Отпорност на силно хемиско влијание: | класа II; 28 дена без притисок ≤ 50% намалување на Шор цврстинта по третман во течности за тестирање: бензин, дизел, моторно масло, 10%$CH_3COOH$, 20%$H_2SO_4$, 20%NaOH, 20%NaCl |
| Реакција на пожар | Класа F |
| Опасни супстанции | неодредено |

CE
2032

**АДИНГ АД Скопје** Новоселски пат (улица 1409) бр.11, 1060 Скопје, Северна Македонија
**18**

**EN 13813:2002**
**АДИНГПОКС 1**
Епоксиден систем за површинска заштита на подни цементни кошулки

| | |
|---|---|
| Ослободување на корозивни супстанци (Синтетичка смола за кошулки) | SR |
| Сила на врска: | ≥ B2.0 |
| Отпорност на абење | својството не е определено |
| Отпорност на удар | ≥ IR10 |
| Реакција на пожар | Класа F |



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

www.ading.com.mk

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување при мешање на А и Б компонентата. При ненадеен контакт, производот треба веднаш да се отстрани со сува крпа или благо наквасена со Растворувач П, а потоа местото добро да се измие со чиста вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со чиста вода и да се побара медицинска помош. Потребно е да се обезбеди проветрување на просториите каде што се работи со смоли и растворувачи.
Пожар: Производот не е запалив .
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Адингпокс 1 се чистат со Растворувач П. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема.





ADING

АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk